СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Анализа на структурата на вработените

# во радиодифузната индустрија според етничка припадност

# во 2012 година

## 1. МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА

Во 2012 година, вкупниот број на вработени во јавниот сервис изнесувал 869 лица, сите во редовен работен однос. Од нив, 649 биле македонци, 132 албанци, 36 турци, седум роми, девет власи, 27 срби, тројца бошњаци, а шест биле од други националности.




Најголем број од македонците, односно 26%, биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“. Како новинарски кадар биле вработени 23%, а нешто помало учество имале и лицата од македонска националност вработени како техничари и реализатори (по 22%). Како уредници биле ангажирани 6% од овие лица, а само едно лице како управител.

Една третина од лицата од албанска националност (точно 33%) биле новинари, 24% реализатори, 23% уредници, 11% биле ангажирани како преостанат кадар, 8% како технички кадар и 1% (само едно лице) како управител.



Од вкупно 36 лица од турска националност, 45% биле новинари, 22% уредници, 14% реализатори, 11% техничари и 8% преостанат кадар.

Најголем број од вработените од српска националност работеле како новинари (37%), како инжинери и техничари биле ангажирани 22%, како преостанат кадар 19% и по 11% како уредници и реализатори.

**Структура според работните места на вработените од српска и турска националност**




Две лица од седумте припадници на ромската етничка заедница биле уредници, три преостанат кадар, едно лице било новинар и едно реализатор.

Од лицата од влашка националност (вкупно девет), пет биле ангажирани како новинари и по две како уредници и реализатори.

Само тројца од вработените биле од бошњачка националност (еден новинар и двајца уредници), а од други националности биле шест лица (по едно како новинарски, технички и преостанат кадар и три како реализаторски кадар).

**Структура според работните места на вработените од ромска, влашка, бошњачка и друга националност**



## 2. ТЕЛЕВИЗИСКА ИНДУСТРИЈА

Во анализираната година, во комерцијалните телевизиски станици биле ангажирани вкупно 1455 лица (978 во редовен работен однос и 477 хонорарци). Од нив, 1156 биле од македонска националност, 190 од албанска, 40 од српска, по 21 од турска и ромска, осум од влашка, девет од бошњачка и 10 од други националности кои не се спомнати овде.

**Учество во вкупниот број на вработени**




Лицата од македонска националност имале најголемо учество кај новинарскиот кадар (30%) и кај реализаторскиот кадар (29%).

И најголем број од вработените од албанска националност биле ангажирани како новинари (24%) и реализатори (30%).

**Структура според работните места на вработените од македонска и албанска националност**




Најголем број од лицата од турска националност биле вработени во категоријата „преостанат кадар“ (48%). Двојно помалку биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (24%), по 9% биле уредници и техничари, а по 5% (или само по едно лице) новинари и директори.

Од вкупно 21 лице од ромска националност, 29% биле новинари, 24% реализатори, 19% техничари,  14% преостанат кадар, 9% уредници и 5% управители, односно директори.

Најмал број од вработените кај комерцијалните телевизиски станици биле од влашка националност (само осум лица). Две од нив биле новинари, три преостанат кадар, а по едно лице било ангажирано како  техничар, реализатор и уредник.

**Структура според работните места на вработените од турска, ромска и влашка националност**




Од српска националност биле вработени вкупно 40 лица, од кои најмногу биле ангажирани како реализаторски кадар (35%). Позначајно учество имал и новинарскиот кадар (22%). Лицата од категоријата „преостанат кадар“ учествувале со 20% во вкупниот број срби вработени во овој сегмент, техничкиот кадар со 15%, уредниците со 5% и управителите со 3%.

Девет лица вработени кај комерцијалните телевизии биле од бошњачка националност. Од нив, три биле реализатори, две преостанат кадар и по едно лице било ангажирано како технички кадар, директор, новинар и уредник.

Од друга националност биле ангажирани вкупно 10 лица, од кои по три биле новинари и реализатори, две лица биле техничари и по едно лице било ангажирано како уредник и управител, односно директор.

**Структура според работните места на вработените од српска, бошњачка и друга националност**



## 2.1. ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Од вкупно 544 вработени во четирите терестријални телевизиски станици кои што емитувале програма на државно ниво (ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма), 431 биле македонци, 77 албанци, 13 турци, 19 срби, тројца бошњаци и едно лице од друга етничка припадност. Во овие четири телевизии не било вработено ниту едно лице од ромска и влашка националност.




Бројот на вработени од македонска националност бил највисок во ТВ Канал 5 (174 лица, од кои 95 во редовен работен однос). Повеќе од половината од нив биле вработени како реализаторски и преостанат кадар (52%).

Во оваа телевизиска станица биле вработени само две лица од албанска националност (како реализаторски кадар), а деветте лица од турска националност биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“.

Четиринаесет лица биле од српска националност, од кои по две биле ангажирани како новинарски и технички кадар, четири како преостанат кадар и шест како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.



Речиси сите вработени во ТВ Сител (97%) биле македонци. Од вкупно 132 ангажирани лица, само четири биле од други националности - двајца од српска и двајца од бошњачка националност. Вработените од српска националност биле ангажирани како уредник и преостанат кадар, а лицата од бошњачка националност работеле како технички и реализаторски кадар.

Во ТВ Алсат-М биле вработени вкупно 113 лица. Од нив, 66% биле албанци, 28% македонци, 4% турци, а по 1% биле припадници на српската и бошњачката етничка заедница.

Во оваа телевизиска станица биле вработени 97% од вкупниот број на албанци ангажирани во овој сегмент на телевизиската индустрија (останатите 3% биле вработени во ТВ Канал 5). Најголем дел од нив работеле како реализаторски кадар (44%).

Најголем број од лицата од македонска националност биле ангажирани како преостанат (44%) и реализаторски кадар (28%).

Единственото лице од српска националност во ТВ Алсат-М било вработено како реализаторски кадар, а единственото лице од бошњачка националност било ангажирано во категоријата „преостанат кадар'.

**Број на вработени според етничката припадност во ТВ Алсат-М и ТВ Телма**




Од вкупно 100 вработени во ТВ Телма, 97 лица биле од македонска националност, две од српска и едно од друга националност. Најголем број од македонците биле ангажирани како новинари (38%). Лицата од српска националност биле ангажирани како новинарски и технички кадар, а лицето од друга националност како реализаторски кадар.

## 2.2. САТЕЛИТСКИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ

Во анализираната година, во шесте сателитски телевизискии биле вработени вкупно 371 лице (259 во редовен работен однос и 112 хонорарно ангажирани). Од нив, 342 биле од македонска националност, 14 од српска, по пет од влашка и друга националност, по две од албанска и бошњачка и едно од турска националност . Од ромска националност не било ангажирано ниту едно лице.

**Учество во вкупниот број на вработени**




Најголем број од лицата од македонска националност биле ангажирани како новинари (35%) и како реализаторски кадар (33%).

**Структура според работните места на вработените од македонска националност**




Најмногу вработени од македонска националност прикажале ТВ Алфа (119 лица) и Канал 5 Плус (95 лица од кои 76 биле хонорарно ангажирани).

Во ТВ 24 Вести биле ангажирани 71 лице од македонска националност, во ТВ Сонце 31, а во Наша ТВ 26. ТВ Сител 3 не прикажала ниту еден вработен.

ТВ Алфа прикажала и најголем број на вработени кои што припаѓале на етничките заедници што не се мнозинство во Македонија (10 лица). Во ТВ Сонце, ТВ 24 Вести и ТВ Канал 5 Плус биле ангажирани по пет лица припадници на малцинските заедници, а во Наша ТВ четири лица.

Од вработените што не се македонци, најбројни биле лицата од српска националност (14 лица). Од нив, по пет лица биле ангажирани во ТВ Алфа и ТВ Канал 5 Плус, две во Наша ТВ и по едно во ТВ Сонце и ТВ 24 Вести.

**Структура според работните места на вработените од српска националност**




Шест од лицата од српска националност биле новинари, од кои тројца биле вработени во ТВ Алфа, двајца во ТВ Канал 5 Плус и еден во ТВ 24 Вести. По три од овие лица биле ангажирани како технички кадар (во ТВ Сонце, Наша ТВ и Канал 5 Плус) и преостанат кадар (две лица во Канал 5 Плус и едно во ТВ Алфа), а две како реализаторски кадар (во ТВ Алфа и Наша ТВ).

Вработени од албанска националност прикажала само ТВ Сонце (две лица ангажирани како новинари), од турска националност само ТВ Алфа (едно лице ангажирано како реализаторски кадар), а вработени од бошњачка националност прикажала само ТВ 24 Вести (по едно лице како новинарски и преостанат кадар)

Од влашка и од други националности коишто не се спомнати погоре биле вработени по пет лица. Две лица од влашка националност биле ангажирани во Наша ТВ (новинар и уредник), две во ТВ Алфа (реализаторски и преостанат кадар) и едно лице во ТВ 24 Вести (преостанат кадар). Лицата од други националности биле ангажирани во ТВ Сонце (двајца новинари), ТВ 24 Вести (еден техничар) и во ТВ Алфа (по едно лице како новинарски и реализаторски кадар).

Единственото лице од турска националност било ангажирано како реализаторски кадар во ТВ Алфа.

## 2.3. РЕГИОНАЛНИИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ

Во седум од осумте регионални телевизиски станици[1], биле вработени вкупно 96 лица, и тоа: 49 македонци, 22 албанци, 18 роми, по тројца срби и бошњаци и едно лице од влашка националност.

**Учество во вкупниот број на вработени**




Најголем број лица од македонска националност биле ангажирани во ТВ МТМ и ТВ Скајнет (по 29% или по 14 лица), а најмалку во ТВ Шутел (само едно лице). Во ТВ Скопје биле вработени седум македонци, во ТВ Амазон шест, во ТВ Ера пет и во ТВ БТР двајца.

Триесет и еден отсто од вкупниот број на македонци биле ангажирани како реализаторски кадар (најмногу реализатори од македонска националност прикажала ТВ Скајнет - шест лица), а нешто помало учество имал и преостанатиот кадар (27%).

**Структура според работните места на вработените од македонска, албанска и ромска националност**




[1] ТВ Едо не достави податоци за етничката структура на вработените, но според податоците од завршната сметка за 2012 година во овој радиодифузер просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал три лица

Сите лица од албанска националност (вкупно 22) биле ангажирани во ТВ Ера. Најголем дел од нив биле вработени во категоријата „преостанат кадар“ (41%).

Вработени од ромска националност прикажале само две регионални телевизии - ТВ Шутел (12 лица, сите хонорарно ангажирани) и ТВ БТР (шест, од кои еден во редовен работен однос и пет хонорарно ангажирани).

Од влашка националност било ангажирано само едно лице, и тоа како технички кадар во ТВ Скопје.

Трите лица од српска националност биле вработени во ТВ Амазон (две лица) и во ТВ МТМ (едно лице). Сите биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

Исто толку вработени (три лица) биле од бошњачка националност. Две од нив биле вработени во ТВ Амазон (по едно лице како уредник и реализаторски кадар), а едно во ТВ Ера (реализаторски кадар).

Во овој сегмент на телевизиската индустрија не биле ангажирани лица од турска националност и од други националности кои не се наведени погоре.

## 2.4. ЛОКАЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ

Во локалните телевизии биле вработени вкупно 444 лица[2] (265 во редовен работен однос и 179 хонорарци), од кои 334 биле македонци, 89 албанци, седум турци, тројца роми, двајца власи, еден бошњак и по четири лица од српска и други националности.




Во дури 22 локални телевизии сите вработени биле од македонска националност. Вкупниот број на вработени кај овие телевизии изнесувал 248 лица, што е 74% од вкупниот број на македонци кај локалните телевизии во целост.

Најголем дел од македонците биле ангажирани како новинари (33%). Шест отсто работеле како уредници, 9% како управители, односно директори, 18% како технички кадар, 22% отсто како реализаторски кадар и 12% како преостанат кадар.




[2] ТВ НТВ од Охрид не достави податоци за етничката структура на вработените, но според податоците од завршната сметка за 2012 година, кај овој радиодифузер во редовен работен однос било вработено само едно лице.

Лицата од албанска националност (вкупно 89 лица) биле ангажирани во 14 телевизиски станици, а најголем број прикажале ТВ Коха (16) и ТВ Арт (11), двете од Тетово. И кај овие лица најбројни биле новинарите (33%). По 20% биле техничари и реализатори, 15% директори, 9% уредници и 3% преостанат кадар.

Две лица од турска националност биле ангажирани како технички кадар (по едно во ТВ Чеграни Медиа од Гостивар и во ТВ Аниса од Пласница). Исто толку лица биле ангажирани и како реализаторски кадар (по едно во ТВ Тера од Битола и ТВ Нова од Куманово) и по едно лице како новинар (во ТВ Канал 3 од Дебар), уредник (во ТВ Аниса од Пласница) и управител (во ТВ Аниса од Пласница).

Едно лице од ромска националност работело како новинар во ТВ Д1 од Делчево, а две во ТВ Калтрина од Струга (едно како технички и едно како преостанат кадар).

Од влашка националност биле ангажирани само две лица, и тоа едно лице во ТВ Нова од Гевгелија (новинар) и едно во ТВ Свет од Свети Николе (преостанат кадар).

Од вкупно четири лица од српска националност, три биле вработени во ТВ Нова од Куманово (еден управител и двајца реализатори) и едно во ТВ ТВМ од Охрид (уредник).

Единственото лице од бошњачка националност било ангажирано како управител во ТВ Лажани од Лажани.

Од други националности биле вработени вкупно четири лица, од кои три во ТВ Спектра од Струга (по еден управител, технички и реализаторски кадар) и едно во ТВ Канал 3 од Дебар (уредник).

## 3. РАДИСКА ИНДУСТРИЈА

Во 2012 година, во радиоиндустријата во целина биле вработени вкупно 371 лице (201 во редовен работен однос и 170 редовно ангажирани). Од нив, 293 биле од македонска националност, 62 од албанска, шест од српска, по три од турска, ромска и други националности и едно од бошњачка националност.




Најголем дел од македонците биле ангажирани како новинари (28%), а најмалку како реализаторски кадар (10%).

И кај вработените од албанска националност најбројни биле новинарите (29%), а најмалку биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“ (3%).




Од српска националност биле вработени шест лица, од кои едно било ангажирано во националните, три во регионалните и две во локалните радиостаници.

Од трите лица со турска етничка припадност, едно било вработено во регионалните, а две во локалните радиостаници.

Исто толку вработени (три) биле со ромска националност и сите биле ангажирани во радиостаниците коишто емитувале на локално ниво.

И лицата од друга националност (вкупно три) биле вработени во локалните радиостаници.

Единственото лице од бошњачка националност било ангажирано како технички кадар во регионалната радиостаница РА Фолк од Скопје.

Од влашка националност немало ниту еден вработен.

## 3.1. КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Во 2012 година, во радиостаниците на државно ниво биле вработени 44 лица (22 лица во РА Антена 5, 14 во РА Канал 77 и осум во РА Рос Метрополис). Од нив, 43 лица биле од македонска националност, а само едно било од српска националност и било ангажирано како реализаторски кадар во РА Антена 5.

**Учество во вкупниот број на вработени**




По 23% од македонците биле ангажирани како новинарски и преостанат кадар, по 19% како реализаторски и технички кадар, 9% биле уредници, а 7% управители, односно директори.

**Структура според работните места на вработените од македонска националност**



## 3.2. РЕГИОНАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ

Во 2012 година, во регионалните радиостаници биле вработени вкупно 105 лица[3]. Од нив, 85 биле од македонска националност, 15 од албанска, три од српска и по едно од турска и бошњачка националност. Ниту една радиостаница не прикажала вработени од ромска, влашка или од друга националност која не е спомната погоре.

**Учество во вкупниот број на вработени**




Кај дури осум радиостаници сите вработени биле од македонска националност: РА 90,3 ФМ (шест), РА Фортуна (осум), РА Клуб ФМ (четири), РА Роса АБ (четири), РА Сити (осум), РА Скај (седум), РА Џез ФМ (три) и РА Зона М1 (единаесет лица, од кои девет биле хонорарно ангажирани).

Најголем дел од македонците биле ангажирани како новинари (31%), а најмалку како реализаторски и преостанат кадар (по 11%).

**Структура според работните места на вработените од македонска националност**




[3] Податоци за етничката структура на вработените не достави РА Гаудеамус Класик ФМ, но според податоците од завршната сметка, во овој радиодифузер во редовен работен однос не било вработено ниту едно лице.

Најмногу вработени од албанска националност прикажала РА Ват (осум лица). Останатите биле вработени во РА Лајф и РА Арачина (по три лица) и РА РФМ (едно лице).




Вкупно четири лица од албанска националност биле ангажирани како новинари во РА Ват (три лица) и РА Арачина (едно лице). По две лица биле вработени како уредници (во РА Ват и во РА Арачина), технички (во РА Ват и во РА Лајф), реализаторски (во РА Ват и во РА Лајф) и преостанат кадар (во РА Ват и во РА Лајф). Како управители, односно директори биле ангажирани три лица (по едно во РА Ват, РА Арачина и РА РФМ).

Трите лица од српска националност биле ангажирани во РА Спортско Канал 4 (уредник), РА Фолк (новинар) и во РА РФМ (технички кадар).

Единственото лице од турска националност било ангажирано како преостанат кадар во РА Буба Мара, а единственото лице од бошњачка националност работело како технички кадар во РА Фолк.

## 3.3. ЛОКАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ

Во анализираната година, локалните телевизии прикажале вкупно 222 вработени[4], од кои 165 биле македонци, 47 албанци, по двајца турци и срби и по тројца роми и припадници на други националности. Ниту една од овие телевизии не прикажала вработени од влашка и бошњачка националност.

**Учество во вкупниот број на вработени**




Кај вработените од македонска националност најбројни биле лицата ангажирани како новинари (29%) и директори, односно управители (22%). Како технички кадар биле вработени 18%, а останатите биле ангажирани како уредници (11%), реализаторски (7%) и преостанат кадар (13%).

**Структура според работните места на вработените од македонска и албанска националност**




И кај вработените од албанска националност доминирале новинарите и директорите кои прикажале учество од 30% односно 25% од вкупниот број на албанци.

[4] Податоци за етничката припадност на вработените не доставија РА Валандово од Валандово, РА Охрид од Охрид, РА Ди-Џеј од Струга и РА Плус Форте од Тетово. Според податоците од завршните сметки, во РА Валандово, РА Охрид и РА Плус Форте биле вработени по две лица, а во Ди-Џеј не било вработено ниту едно лице.

Како технички кадар биле ангажирани 17% од овие лица, 15% биле вработени како уредници и 13% како реализаторски кадар.

Трите лица од ромска националност биле ангажирани како новинарски кадар (во РА Зора од Делчево), технички кадар (во РА Про-ФМ од Гостивар) и преостанат кадар (во РА Браво од Куманово).

Лицата од турска националност биле ангажирани како технички кадар (по едно во РА Про-ФМ од Гостивар и РА Пехчево од Пехчево), а лицата од српска националност работеле новинари (по едно лице во РА Браво од Куманово и во РА МХ од Охрид).

Вработени од други националности кои не се спомнати погоре прикажале само РА Браво од Куманово (едно лице како технички кадар) и РА ЛГН од Неготино (две лица како преостанат кадар).

Издава:
СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

бул. „ВМРО“ бр.3, 1000 Скопје
тел. 3103-400
факс. 3103-401
http: www.srd.org.mk
е-пошта: sovet@srd.org.mk

За издавачот:
Д-р Зоран Трајчевски, претседател на Советот

Изработиле:

Магдалена Д. Довлева

Катерина Митре

Валиде Јашари

Скопје
2013 година